Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 50, став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр 5/02), член 15 став 1 точка 7, член 34 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид, како и програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2024 година, Градоначалникот на општина Охрид објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид

Општина Охрид за буџетската 2024 година, согласно програмата за социјална и здравствена заштита предвидува еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид. Средствата треба да се наменети исклучиво за поддршка на лица (деца) кои се згрижени во семејства што опфаќа основна заштита и 24 часовна грижа за деца и возрасни лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство. Предвидената финансиска поддршка изнесува 10.000,00 денари по згрижено дете.

1. **Услови кои лицата треба да ги исполнуваат:**
   - да се згрижени во семејство на територијата на Општина Охрид;

2. **Потребни документи и начин на пријавување**

   - пријава за користење еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид;
   - копија од лична карта од носителот на згрижувачкото семејство;
   - трансакциска сметка од носителот на згрижувачкото семејство;
   - решение за сместување во згрижувачко семејство издадено од надлежен Центар за социјална работа;

Пријавите заедно со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид со назнака „За Комисија за спроведување на постапка за еднакратна финансиска поддршка на лице кое е згрижено во згрижувачко семејство на територијата на општина Охрид ,** или лично во архивата на општина Охрид.

**3.Рок на пријавување**

Потребните документи треба да бидат доставени најдоцна 20 дена од денот на објавување на јавниот повик.

Документите на кандидатите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.